6.

# МОНИТОРИНГ

## НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ НА ЛОКАЛНО НИВО




USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

# ИЗВЕШТАЈ БР. 6

# МОНИТОРИНГ НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ НА ЛОКАЛНО НИВО

декември 2014 година

ИЗДАВАЧ:
Центар за граѓански комуникации

ЛЕКТУРА:
Татјана Б. Ефтимоска

ЛИКОВНО-ГРАФИЧКО ОБЛИКУВАЊЕ:
Бригада дизајн

ПЕЧАТИ:
Пропоинт

ТИРАЖ:
250 примероци

Бесплатен/некомерцијален тираж

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски", Скопје

352.073.53:005.584.1(497.7)"2013"(047)

МОНИТОРИНГ на јавните набавки на локално ниво : извештај бр. 6. - Скопје : Центар за граѓански комуникации, 2015. - 30, 26 стр. : табели ; 17х20 см

Насл. стр. на припечатениот текст: Monitoring public procurement at local government level : report No. 6. - Обата текста меѓусебно печатени во спротивни насоки. - Текст на мак. и англ. јазик. - Содржи и: Monitoring public procurement at local government level

ISBN 978-608-4709-26-8

а) Локална самоуправа - Јавни набавки - Мониторинг - Македонија - 2013 - Извештаи
COBISS.MK-ID 98119434

Овој извештај е овозможен со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) во рамките на Проектот на УСАИД за граѓанско општество. Содржината на публикацијата е одговорност на Фондацијата Отворено општество - Македонија и на Центарот за граѓански комуникации и не ги изразува ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави.

# СОДРЖИНА

Вовед: цели и методологија 5

Клучни наоди 6

Вредносен приказ на јавните набавки во 2013 година:
големи разлики во општинските трошења за јавни набавки 7

Вредност на јавните набавки на општините во 2013 година
во однос на 2012 година 11

Вредност на јавните набавки на општините во 2013 година по жител 16

Трошоците за јавни набавки на општините во 2013 година
во однос на буџетите 21

# ВОВЕД:
# ЦЕЛИ И МЕТОДОЛОГИЈА

Центарот за граѓански комуникации (ЦГК) редовно го мониторира спроведувањето на јавните набавки во земјава, почнувајќи од 2008 година, од кога се применува и новиот Закон за јавните набавки, изработен според Директивите на Европската комисија. Целта на мониторингот е да се оцени дали и во колкава мера државните институции ги почитуваат основните принципи во трошењето на јавните пари, а стипулирани и во самиот закон – конкуренција меѓу фирмите, нивен еднаков третман и недискриминација, транспарентност и интегритет при спроведување на постапките и рационално и ефикасно искористување на парите.

Во рамките на овој извештај даден е приказ на вкупните трошења за јавни набавки на сите општини во Република Македонија во 2013 година. Пресметката е направена врз основа на сумирање на сите набавки кои ги имале општини, а за кои податоците беа објавени на Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) преку известувањата за склучен договор, како и полугодишните евиденции за јавни набавки до 20.000 евра. Притоа, освен пресметка на вкупните пари потрошени на јавни набавки, во извештајот е направена и нивна пресметка по жител, а е пресметан и уделот на јавните набавки во буџетите на општините.

Од направените пресметки и табели, меѓу другото, можат да се добијат и сознанија за степенот на економски развој на општините во земјава, бидејќи освен како основа за анализа на трошењата по општините, тие можат да послужат и како основа за анализа на полнењето на буџетските каси на општините. Натаму, анализата на трошењата по општини може да послужи за носење на идните мерки и политики во насока кон порамномерен развој на општините. За граѓаните и за граѓанските организации, пак, овие податоци можат да претставуваат добра основа за барање од локалните власти да го зголемуваат износот на јавни набавки по жител. Внатре во структурата на јавните набавки, пак, тие треба да настојуваат нивната општина да троши повеќе пари за набавка на стоки, услуги и работи заради подобрување на условите за живот и работа, односно заради подигнување на животниот стандард на ниво на локалната заедница.

# КЛУЧНИ НАОДИ

- 80-те општини во Република Македонија, вкупно во 2013 година, преку јавни набавки потрошиле 6,2 милијарди денари, односно 101,3 милиони евра.
- Град Скопје, како специфична единица на локалната самоуправа, е надвор од споредбената анализа, а вредноста на договорите за јавни набавки што ги склучил во 2013 година изнесува 1,2 милијарди денари, односно над 20 милиони евра
- Гледано по општини, во 2013 најмногу пари за јавни набавки потрошила Општина Аеродром, и тоа околу 628 милиони денари, односно 10,2 милиони евра, додека, пак, најмалку Општина Центар Жупа, чијашто годишна вредност на јавните набавки е 1,1 милион денари, односно 19 илјади евра.
- Големите разлики во трошењето за јавни набавки најдобро ги отсликува податокот дека Општина Аеродром, како прворангирана во 2013 година, потрошила колку 40 општини заедно, секако, оние од втората половина на ранг-листата.
- Во 2013 година е регистриран пад на јавните набавки во однос на претходната година за 38 милиони евра, односно за 27%.
- Општините во 2013 година трошеле за јавни набавки од 2 до 276 евра по жител. Гледано по жител, општинските разлики во 2013 година се поблаги во однос на 2012 година, кога се движеа од 2 до 412 евра.
- Општина Центар го загуби приматот од претходната година, кога беше апсолутен победник и во вкупната вредноста на јавните набавки и во рангирањето на трошоците за јавни набавки по жител.
- Уделот на јавните набавки во буџетите на општините во 2013 година се движи од 1,8% до 77,7%. Констатираните разлики и во однос на овој параметар повторно упатуваат на голема несразмерност во општините.
- Исклучително мали суми на јавни набавки по жител, но и како удел во буџетите, трошат и две големи општини, Тетово (8 евра по жител) и Куманово (7 евра по жител).

# ВРЕДНОСЕН ПРИКАЗ НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО 2013 ГОДИНА:
# ГОЛЕМИ РАЗЛИКИ ВО ОПШТИНСКИТЕ ТРОШЕЊА ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

**Општините во Република Македонија во 2013 година, преку јавни набавки, потрошиле вкупно 6.229.171.964 денари, односно 101.287.349 евра. Во оваа пресметка се вклучени 80 општини без Град Скопје, кој, како специфична единица на локалната самоуправа, е исклучен од споредбената анализа. Инаку, Град Скопје во 2013 година склучил договори за јавни набавки во вредност од 1.250.878.386 денари, односно 20.339.486 евра. Доколку се спореди со општините, произлегува дека Град Скопје потрошил 20% од вкупната сума на пари потрошени од 80-те општини во Република Македонија.**

Вредноста на јавни набавки може да се смета за релевантен показател за тоа колку пари потрошиле општините, како за своето функционирање така и за извршување на обврските од нивна надлежност, бидејќи освен за исплата на плати и надоместоци за вработените, за комуналии и сл., речиси за сите други трошоци над 500 евра општините се должни да распишат тендер.

Основа за пресметка на трошењата на општините беа известувањата за склучените договори доставени до Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) за договори чијашто вредност е над 20.000 евра, како и полугодишните евиденции за договорите во вредност од 500 евра до 20.000 евра. До вредностите се дојде низ собирање на сите договори што секоја општина поединечно ги склучила во периодот од 1 јануари 2013 до 31 декември 2013 година. Обработката на сите податоци достапни на (ЕСЈН) направени за потребите на оваа анализа покажува дека општините годишно трошеле од 10 милиони евра (Општина Аеродром) до 19 илјади евра (Општина Центар Жупа), што говори за големи разлики во парите со кои располагаат за сервисирање на услу-

гите во нивна надлежност (изградба на локални улици, комунална инфраструктура, локално осветлување, поправка и изградба на училишта и сл.). Големите разлики најдобро ги отсликува податокот дека Општина Аеродром, која е прва на ранг-листата со вкупно потрошени пари за јавни набавки во 2013 година, сама потрошила колку 40-ина општини заедно, секако, оние од втората половина на ранг-листата: Јегуновце, Виница, Берово, Боговиње, Валандово, Кратово, Липково, Брвеница, Теарце, Чешиново-Облешево, Маврово и Ростуша, Долнени, Могила, Ресен, Росоман, Зелениково, Арачиново, Босилово, Василево, Карбинци, Студеничани, Ново Село, Демир Капија, Вевчани, Пехчево, Конче, Старо Нагоричане, Демир Хисар, Чашка, Кривогаштани, Зрновци, Дојран, Богданци, Ранковце, Градско, Шуто Оризари, Врапчиште, Лозово и Центар Жупа. Оваа споредба недвосмислено говори за отсуството на рамномерност во развојот на општинско ниво. Оттука, овие разлики можат да претставуваат добра основа за преиспитување на начинот на којшто се делат дотациите од централната до локалната власт во функција на намалување на разликите и обезбедување услови за порамномерен развој на локално ниво.

Како што може да се види од табеларниот приказ, просекот во трошењето на јавни набавки во 2013 година на општинско ниво изнесувал 78.850.278 денари, односно 1.282.118 евра. Оттука, Општина Аеродром, како прворангирана во трошењето за јавни набавки, е за речиси осум пати над општинскиот просек, додека, пак, Општината Центар Жупа е за дури 67 пати под просекот. Генерално, високиот просек е последица на големите трошења преку јавните набавки на помал број на општини. Оттука, 21 општина потрошила над констатираниот просек, а мнозинството, односно 58 општини, се под тој просек.

Првите четири места на врвот им припаѓаат на скопските општини Аеродром, Центар, Карпош и Кисела Вода. Во првата 10-ка, покрај нив се наоѓаат и Битола, Гостивар, Струмица, скопската општина Гази Баба, Прилеп и Штип.

**Табела 1.** Ранг-листа на општини според вредноста на потрошените пари за јавни набавки во 2013 година

| Р.бр. | Општина | Вкупна вредност на склучените договори за јавни набавки | |
|---|---|---|---|
| | | во денари | во евра |
| 1 | Аеродром | 627.649.300 | 10.205.680 |
| 2 | Центар | 548.576.102 | 8.919.937 |
| 3 | Карпош | 398.230.611 | 6.475.294 |
| 4 | Кисела Вода | 305.983.186 | 4.975.336 |
| 5 | Битола | 302.769.830 | 4.923.087 |
| 6 | Гостивар | 239.728.165 | 3.898.019 |
| 7 | Струмица | 223.119.924 | 3.627.966 |
| 8 | Гази Баба | 207.997.241 | 3.382.069 |
| 9 | Прилеп | 184.476.671 | 2.999.621 |
| 10 | Штип | 161.894.648 | 2.632.433 |
| 11 | Охрид | 161.698.250 | 2.629.240 |
| 12 | Чаир | 154.664.219 | 2.514.865 |
| 13 | Гевгелија | 145.627.992 | 2.367.935 |
| 14 | Кавадарци | 139.029.945 | 2.260.650 |
| 15 | Бутел | 126.481.531 | 2.056.610 |
| 16 | Ѓорче Петров | 122.316.685 | 1.988.889 |
| 17 | Велес | 117.616.932 | 1.912.470 |
| 18 | Дебар | 113.579.212 | 1.846.816 |
| 19 | Пробиштип | 96.202.434 | 1.564.267 |
| 20 | Струга | 92.974.113 | 1.511.774 |
| 21 | Кочани | 80.509.928 | 1.309.105 |
| | ПРОСЕК | **78.850.278** | **1.282.118** |

| Р.бр. | Општина | Вкупна вредност на склучените договори за јавни набавки | |
|---|---|---|---|
| | | во денари | во евра |
| 22 | Илинден | 76.415.390 | 1.242.527 |
| 23 | Неготино | 75.729.115 | 1.231.368 |
| 24 | Радовиш | 70.169.113 | 1.140.961 |
| 25 | Крушево | 66.287.307 | 1.077.842 |
| 26 | Желино | 66.098.849 | 1.074.778 |
| 27 | Чучер Сандево | 63.700.627 | 1.035.783 |
| 28 | Македонска Каменица | 61.746.444 | 1.004.007 |
| 29 | Петровец | 58.351.757 | 948.809 |
| 30 | Новаци | 54.758.773 | 890.387 |
| 31 | Крива Паланка | 49.774.219 | 809.337 |
| 32 | Кичево | 49.385.304 | 803.013 |
| 33 | Тетово | 46.850.386 | 761.795 |
| 34 | Куманово | 45.090.151 | 733.173 |
| 35 | Сарај | 44.678.392 | 726.478 |
| 36 | Македонски Брод | 43.368.393 | 705.177 |
| 37 | Делчево | 43.134.974 | 701.382 |
| 38 | Дебарца | 39.961.781 | 649.785 |
| 39 | Сопиште | 39.795.024 | 647.074 |
| 40 | Свети Николе | 36.848.307 | 599.159 |
| 41 | Јегуновце | 36.596.519 | 595.065 |

| Р.бр. | Општина | Вкупна вредност на склучените договори за јавни набавки | |
|---|---|---|---|
| | | во денари | во евра |
| **42** | Виница | 33.001.747 | 536.614 |
| **43** | Берово | 32.506.238 | 528.557 |
| **44** | Боговиње | 31.926.936 | 519.137 |
| **45** | Валандово | 31.405.540 | 510.659 |
| **46** | Кратово | 30.869.050 | 501.936 |
| **47** | Липково | 30.799.640 | 500.807 |
| **48** | Брвеница | 29.399.602 | 478.042 |
| **49** | Теарце | 25.927.843 | 421.591 |
| **50** | Чешиново-Облешево | 22.279.186 | 362.263 |
| **51** | Маврово и Ростуша | 20.162.178 | 327.840 |
| **52** | Долнени | 19.798.031 | 321.919 |
| **53** | Могила | 18.443.518 | 299.894 |
| **54** | Ресен | 18.180.246 | 295.614 |
| **55** | Росоман | 17.996.201 | 292.621 |
| **56** | Зелениково | 17.952.719 | 291.914 |
| **57** | Арачиново | 17.392.961 | 282.812 |
| **58** | Босилово | 17.128.667 | 278.515 |
| **59** | Василево | 16.924.897 | 275.202 |
| **60** | Карбинци | 16.618.727 | 270.223 |
| **61** | Студеничани | 13.977.953 | 227.284 |
| **62** | Ново Село | 13.535.559 | 220.090 |
| **63** | Демир Капија | 13.268.218 | 215.743 |
| **64** | Вевчани | 13.053.779 | 212.257 |

| Р.бр. | Општина | Вкупна вредност на склучените договори за јавни набавки | |
|---|---|---|---|
| | | во денари | во евра |
| **65** | Пехчево | 11.843.892 | 192.584 |
| **66** | Конче | 11.200.975 | 182.130 |
| **67** | Старо Нагоричане | 10.486.008 | 170.504 |
| **68** | Демир Хисар | 10.445.313 | 169.842 |
| **69** | Чашка | 10.356.069 | 168.391 |
| **70** | Кривогаштани | 8.787.962 | 142.894 |
| **71** | Зрновци | 7.784.067 | 126.570 |
| **72** | Дојран | 7.651.612 | 124.416 |
| **73** | Богданци | 6.539.115 | 106.327 |
| **74** | Ранковце | 5.801.218 | 94.329 |
| **75** | Градско | 5.117.033 | 83.204 |
| **76** | Шуто Оризари | 4.692.930 | 76.308 |
| **77** | Врапчиште | 3.485.359 | 56.673 |
| **78** | Лозово | 1.387.551 | 22.562 |
| **79** | Центар Жупа | 1.175.680 | 19.117 |
| **80** | Пласница[1] | 0 | 0 |

1 Општина Пласница нема спроведено ниту една јавна набавка во 2013 година.

# ВРЕДНОСТ НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ НА ОПШТИНИТЕ ВО 2013 ГОДИНА ВО ОДНОС НА 2012 ГОДИНА

**Гледано во однос на претходната година, во 2013 година вредноста на јавните набавки е намалена за 38.046.535 евра, односно за 27%. Имено, во 2012 година вредноста на склучените договори за јавни набавки изнесувала 139.324.884 евра без Град Скопје, наспроти 101.287.349 евра во 2013 година. Ова намалување се совпаѓа со локалните избори што се одржаа во март 2013 година. Притоа, во пресрет на изборната година и борбата за гласови за очекување е дека општините трошеле повеќе, наспроти изборната година, кога стапува на сила и антикорупциската одредба со која се забрануваат поголеми инвестициски трошења од денот на распишување на изборите.**

Зголемување на трошењето во 2013 година во однос на претходната година може да се констатира само кај 28 од 79 општини. Трите општини со најголем раст во трошењето пари преку јавни набавки се Јегуновце, Чаир и Вевчани. Притоа, растот на вредноста на договорите за јавни набавки кај Општина Јегуновце изнесува дури 513,8%, односно е евидентиран скок од 96.950 евра во 2012 година на 595.065 евра во 2013 година. Општина Чаир, пак, во 2012 година, преку јавни набавки потрошила 686.357 евра, а во 2013 година 2.514.865 евра, што е пораст од 266,4%. Кај Општина Вевчани, пак, растот на вредноста на набавките изнесува 255%, односно од 59.789 евра во 2012 година на 212.257 евра во 2013 година. Дел од олку големите скокови во вредноста на парите потрошени на јавни набавки можат да се објаснат со зголемени трошења, но дел и со подоследна примена на обврските од Законот за јавни набавки во однос на известувањата за трошењата преку јавните набавки до ЕСЈН.

Гледано во апсолутен износ, најголем скок во трошењето преку јавни набавки може да се констатира во Општина Аеродром, каде што во 2012 година се потрошени 4.840.994 евра, додека во 2013 година дури 10.205.680 евра, што ја исфрли оваа општина на врвот на ранг-листата гледано од аспект на вредноста на потрошените пари за јавни набавки.

Од друга страна, најголем пад во вредноста на потрошените пари е евидентирана во Општина Центар: од 18.730.888 евра во 2012 година на 8.919.937 евра во 2013 година.

**Табела 2.** Споредбен приказ на јавните набавки во 2012 и 2013 година

| Р.бр. | Општина | Вредност на склучените договори за јавни набавки во евра | | Промена |
|---|---|---|---|---|
| | | 2013 година | 2012 година | |
| 1 | Аеродром | 10.205.680 | 4.840.994 | +110,8% |
| 2 | Центар | 8.919.937 | 18.730.888 | -52,4% |
| 3 | Карпош | 6.475.294 | 15.448.229 | -58,1% |
| 4 | Кисела Вода | 4.975.336 | 4.270.859 | +16,5% |
| 5 | Битола | 4.923.087 | 5.322.559 | -7,5% |
| 6 | Гостивар | 3.898.019 | 2.702.282 | +44,2% |
| 7 | Струмица | 3.627.966 | 4.910.268 | -26,1% |
| 8 | Гази Баба | 3.382.069 | 4.159.580 | -18,7% |
| 9 | Прилеп | 2.999.621 | 4.381.822 | -31,5% |
| 10 | Штип | 2.632.433 | 2.254.207 | +16,8% |
| 11 | Охрид | 2.629.240 | 3.659.130 | -28,1% |
| 12 | Чаир | 2.514.865 | 686.357 | +266,4% |
| 13 | Гевгелија | 2.367.935 | 3.857.193 | -38,6% |
| 14 | Кавадарци | 2.260.650 | 3.509.889 | -35,6% |
| 15 | Бутел | 2.056.610 | 3.685.252 | -44,2% |
| 16 | Ѓорче Петров | 1.988.889 | 2.387.784 | -16,7% |

| Р.бр. | Општина | Вредност на склучените договори за јавни набавки во евра | | Промена |
|---|---|---|---|---|
| | | 2013 година | 2012 година | |
| 17 | Велес | 1.912.470 | 1.325.212 | +44,3% |
| 18 | Дебар | 1.846.816 | 2.188.186 | -15,6% |
| 19 | Пробиштип | 1.564.267 | 1.188.837 | +31,6% |
| 20 | Струга | 1.511.774 | 1.910.651 | -20,9% |
| 21 | Кочани | 1.309.105 | 1.805.731 | -27,5% |
| 22 | Илинден | 1.242.527 | 2.986.979 | -58,4% |
| 23 | Неготино | 1.231.368 | 1.145.751 | +7,5% |
| 24 | Радовиш | 1.140.961 | 2.090.273 | -45,4% |
| 25 | Крушево | 1.077.842 | 1.357.509 | -20,6% |
| 26 | Желино | 1.074.778 | 333.371 | +222,4% |
| 27 | Чучер Сандево | 1.035.783 | 968.783 | +6,9% |
| 28 | Македонска Каменица | 1.004.007 | 2.577.525 | -61,0% |
| 29 | Петровец | 948.809 | 1.568.778 | -39,5% |
| 30 | Новаци | 890.387 | 1.225.031 | -27,3% |
| 31 | Крива Паланка | 809.337 | 611.358 | +32,4% |
| 32 | Кичево | 803.013 | 1.494.544 | -46,3% |
| 33 | Тетово | 761.795 | 5.018.787 | -84,8% |
| 34 | Куманово | 733.173 | 3.736.059 | -80,4% |
| 35 | Сарај | 726.478 | 820.449 | -11,5% |
| 36 | Македонски Брод | 705.177 | 760.855 | -7,3% |
| 37 | Делчево | 701.382 | 1.236.231 | -43,3% |

| Р.бр. | Општина | Вредност на склучените договори за јавни набавки во евра | | Промена |
|---|---|---|---|---|
| | | 2013 година | 2012 година | |
| 38 | Дебарца | 649.785 | 297.616 | +118,3% |
| 39 | Сопиште | 647.074 | 585.767 | +10,5% |
| 40 | Свети Николе | 599.159 | 1.811.129 | -66,9% |
| 41 | Јегуновце | 595.065 | 96.950 | +513,8% |
| 42 | Виница | 536.614 | 639.380 | -16,1% |
| 43 | Берово | 528.557 | 775.433 | -31,8% |
| 44 | Боговиње | 519.137 | 296.587 | +75,0% |
| 45 | Валандово | 510.659 | 304.750 | +67,6% |
| 46 | Кратово | 501.936 | 422.483 | +18,8% |
| 47 | Липково | 500.807 | 200.154 | +150,2% |
| 48 | Брвеница | 478.042 | 441.741 | +8,2% |
| 49 | Теарце | 421.591 | 800.974 | -47,4% |
| 50 | Чешиново-Облешево | 362.263 | 498.488 | -27,3% |
| 51 | Маврово и Ростуша | 327.840 | 370.945 | -11,6% |
| 52 | Долнени | 321.919 | 1.544.186 | -79,2% |
| 53 | Могила | 299.894 | 324.755 | -7,7% |
| 54 | Ресен | 295.614 | 161.273 | +83,3% |
| 55 | Росоман | 292.621 | 354.499 | -17,5% |
| 56 | Зелениково | 291.914 | 178.383 | +63,6% |
| 57 | Арачиново | 282.812 | / | / |
| 58 | Босилово | 278.515 | 458.703 | -39,3% |

| Р.бр. | Општина | Вредност на склучените договори за јавни набавки во евра | | Промена |
|---|---|---|---|---|
| | | 2013 година | 2012 година | |
| 59 | Василево | 275.202 | 533.808 | -48,4% |
| 60 | Карбинци | 270.223 | 255.712 | +5,67% |
| 61 | Студеничани | 227.284 | 1.116.406 | -79,6% |
| 62 | Ново Село | 220.090 | 339.839 | -35,2% |
| 63 | Демир Капија | 215.743 | 874.948 | -75,3% |
| 64 | Вевчани | 212.257 | 59.789 | +255,0% |
| 65 | Пехчево | 192.584 | 282.324 | -31,8% |
| 66 | Конче | 182.130 | 404.020 | -54,9% |
| 67 | Старо Нагоричане | 170.504 | 623.056 | -72,6% |
| 68 | Демир Хисар | 169.842 | 495.084 | -65,7% |
| 69 | Чашка | 168.391 | 164.148 | +2,6% |
| 70 | Кривогаштани | 142.894 | 59.772 | +139,1% |
| 71 | Зрновци | 126.570 | 57.539 | +120,0% |
| 72 | Дојран | 124.416 | 204.340 | -39,1% |
| 73 | Богданци | 106.327 | 807.826 | -86,8% |
| 74 | Ранковце | 94.329 | 42.287 | +123,1% |
| 75 | Градско | 83.204 | 358.424 | -76,8 % |
| 76 | Шуто Оризари | 76.308 | 48.780 | +56,4% |
| 77 | Врапчиште | 56.673 | 661.267 | -91,4% |
| 78 | Лозово | 22.562 | 161.566 | -86,0% |
| 79 | Центар Жупа | 19.117 | 51.560 | -62,9% |

# ВРЕДНОСТ НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ НА ОПШТИНИТЕ ВО 2013 ГОДИНА ПО ЖИТЕЛ

**Доколку се анализира вредноста на потрошените пари на јавни набавки на општините по жител[2], тогаш се добива поинаква слика. Гледано според овој параметар, произлегува дека на врвот е Општина Новаци, каде што во 2013 година се потрошени 276 евра по жител, а на дното е Општина Врапчиште, каде што за јавни набавки во 2013 година биле потрошени 2 евра по жител.**

Просекот во трошењето по општини по глава на жител во 2013 година изнесува 55 евра. Над овој просек се само 26 општини, а под него сите останати општини, односно 53. Исклучително мали суми на јавни набавки по жител, и тоа по помалку од 10 евра, како што може да се види од следниот табеларен приказ, трошеле 6 општини, меѓу кои и две големи општини, Тетово (8 евра по жител) и Куманово (7 евра по жител).

2 Во пресметката за јавните набавки по жител се користеа податоци за број на населението од 31.12.2013 година од Заводот за статистика. Сепак, со оглед на тоа што во нив немаше податоци за скопските општините Аеродром, Бутел, Кисела Вода, Центар, Чаир, Шуто Оризари и Сопиште, за нив се користеше бројот на населението во согласност со последниот попис од 2002 година.

**Табела 3.** Вредност на склучените договори за јавни набавки во 2013 година по жител

| Ранг | Општина | Евра по жител |
|---|---|---|
| 1 | Новаци | 276 |
| 2 | Центар | 196 |
| 3 | Дебарца | 158 |
| 4 | Аеродром | 142 |
| 5 | Македонска Каменица | 131 |
| 6 | Сопиште | 114 |
| 7 | Крушево | 113 |
| 8 | Василево | 112 |
| 9 | Македонски Брод | 111 |
| 10 | Карпош | 107 |
| 11 | Петровец | 106 |
| 12 | Чучер Сандево | 106 |
| 13 | Гевгелија | 104 |
| 14 | Пробиштип | 102 |
| 15 | Дебар | 90 |
| 16 | Кисела Вода | 87 |
| 17 | Вевчани | 86 |
| 18 | Илинден | 74 |
| 19 | Росоман | 72 |
| 20 | Карбинци | 67 |
| 21 | Струмица | 64 |

| Ранг | Општина | Евра по жител |
|---|---|---|
| 22 | Неготино | 64 |
| 23 | Зелениково | 62 |
| 24 | Кавадарци | 58 |
| 25 | Бутел | 57 |
| 26 | Јегуновце | 55 |
| | **ПРОСЕК** | **55** |
| 27 | Штип | 54 |
| 28 | Битола | 53 |
| 29 | Демир Капија | 52 |
| 30 | Кратово | 52 |
| 31 | Чешиново-Облешево | 51 |
| 32 | Конче | 51 |
| 33 | Охрид | 50 |
| 34 | Ѓорче Петров | 47 |
| 35 | Могила | 47 |
| 36 | Гостивар | 47 |
| 37 | Гази Баба | 44 |
| 38 | Валандово | 43 |
| 39 | Делчево | 42 |
| 40 | Старо Нагоричане | 41 |
| 41 | Зрновци | 41 |

| Ранг | Општина | Евра по жител |
|---|---|---|
| 42 | Берово | 40 |
| 43 | Крива Паланка | 40 |
| 44 | Прилеп | 40 |
| 45 | Радовиш | 39 |
| 46 | Желино | 39 |
| 47 | Чаир | 39 |
| 48 | Пехчево | 38 |
| 49 | Дојран | 37 |
| 50 | Маврово и Ростуша | 37 |
| 51 | Велес | 35 |
| 52 | Кочани | 34 |
| 53 | Свети Николе | 33 |
| 54 | Брвеница | 29 |
| 55 | Виница | 28 |
| 56 | Кривогаштани | 25 |
| 57 | Ранковце | 25 |
| 58 | Градско | 23 |
| 59 | Струга | 23 |
| 60 | Долнени | 23 |
| 61 | Арачиново | 21 |
| 62 | Чашка | 21 |
| 63 | Ново Село | 20 |

| Ранг | Општина | Евра по жител |
|---|---|---|
| 64 | Демир Хисар | 20 |
| 65 | Босилово | 20 |
| 66 | Теарце | 18 |
| 67 | Сарај | 18 |
| 68 | Ресен | 18 |
| 69 | Боговиње | 17 |
| 70 | Липково | 17 |
| 71 | Кичево | 14 |
| 72 | Богданци | 13 |
| 73 | Студеничани | 11 |
| 74 | Лозово | 9 |
| 75 | Тетово | 8 |
| 76 | Куманово | 7 |
| 77 | Шуто Оризари | 3 |
| 78 | Центар Жупа | 3 |
| 79 | Врапчиште | 2 |

Избивајќи на врвот на листата, Општина Новаци во 2013 година ѝ го преземе приматот на Општина Центар, која беше на врвот на ранг-листата претходната година, како во однос на вкупниот износ за јавни набавки, така и во однос на нивната вредност по жител.

**Табела 4.** Споредба меѓу рангирањето на општините според склучените договори за јавни набавки по жител во 2012 и 2013 година

| Ранг 2013 | Ранг 2012 | Општина |
|---|---|---|
| 1 | 2 | Новаци |
| 2 | 1 | Центар |
| 3 | 42 | Дебарца |
| 4 | 28 | Аеродром |
| 5 | 3 | Македонска Каменица |
| 6 | 16 | Сопиште |
| 7 | 9 | Крушево |
| 8 | 48 | Василево |
| 9 | 15 | Македонски Брод |
| 10 | 4 | Карпош |
| 11 | 6 | Петровец |
| 12 | 12 | Чучер Сандево |
| 13 | 8 | Гевгелија |
| 14 | 26 | Пробиштип |
| 15 | 14 | Дебар |
| 16 | 24 | Кисела Вода |
| 17 | 64 | Вевчани |
| 18 | 7 | Илинден |
| 19 | 23 | Росоман |
| 20 | 32 | Карбинци |
| 21 | 22 | Струмица |
| 22 | 33 | Неготино |
| 23 | 49 | Зелениково |
| 24 | 21 | Кавадарци |
| 25 | 17 | Бутел |
| 26 | 77 | Јегуновце |
| 27 | 46 | Штип |
| 28 | 40 | Битола |
| 29 | 5 | Демир Капија |
| 30 | 51 | Кратово |
| 31 | 29 | Чешиново-Облешево |
| 32 | 13 | Конче |
| 33 | 30 | Охрид |
| 34 | 38 | Ѓорче Петров |
| 35 | 45 | Могила |
| 36 | 54 | Гостивар |
| 37 | 37 | Гази Баба |
| 38 | 63 | Валандово |
| 39 | 27 | Делчево |
| 40 | 10 | Старо Нагоричане |

| Ранг 2013 | Ранг 2012 | Општина |
|---|---|---|
| 41 | 69 | Зрновци |
| 42 | 41 | Берово |
| 43 | 58 | Крива Паланка |
| 44 | 36 | Прилеп |
| 45 | 25 | Радовиш |
| 46 | 71 | Желино |
| 47 | 72 | Чаир |
| 48 | 44 | Пехчево |
| 49 | 34 | Дојран |
| 50 | 50 | Маврово и Ростуша |
| 51 | 65 | Велес |
| 52 | 47 | Кочани |
| 53 | 18 | Свети Николе |
| 54 | 60 | Брвеница |
| 55 | 55 | Виница |
| 56 | 75 | Кривогаштани |
| 57 | 76 | Ранковце |
| 58 | 19 | Градско |
| 59 | 57 | Струга |
| 60 | 11 | Долнени |
| 61 | / | Арачиново |
| 62 | 67 | Чашка |

| Ранг 2013 | Ранг 2012 | Општина |
|---|---|---|
| 63 | 59 | Ново Село |
| 64 | 43 | Демир Хисар |
| 65 | 56 | Босилово |
| 66 | 52 | Теарце |
| 67 | 66 | Сарај |
| 68 | 74 | Ресен |
| 69 | 73 | Боговиње |
| 70 | 79 | Липково |
| 71 | 61 | Кичево |
| 72 | 20 | Богданци |
| 73 | 31 | Студеничани |
| 74 | 39 | Лозово |
| 75 | 35 | Тетово |
| 76 | 53 | Куманово |
| 77 | 80 | Шуто Оризари |
| 78 | 78 | Центар Жупа |
| 79 | 62 | Врапчиште |
| / | / | Пласница |

# ТРОШОЦИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ НА ОПШТИНИТЕ ВО 2013 ГОДИНА ВО ОДНОС НА БУЏЕТИТЕ

**Во насока на дополнително расветлување на трошењето за јавни набавки на локално ниво, за потребите на оваа анализа е направена пресметка и за уделот на јавните набавки во буџетските расходи на општините. Притоа, значајно е да се нагласи дека прибирањето на податоците за завршните сметки на буџетите за 2013 година на општините се покажа како исклучително тешко. Само мал дел од општините ги имаа јавно објавено овие податоци што, секако, упатува на заклучокот за ниското ниво на транспарентност во однос на буџетските трошења. Имајќи предвид дека обврската за спроведување на јавна набавка се однесува на сите трошења преку буџетската каса, за потребите на оваа анализа се користеа податоци за вкупните буџети на општините сметајќи го основниот буџет на општините, дотациите, донациите, кредитите и самофинасирачките активности. Во најголем дел станува збор за податоци од завршните сметки на општините, а во мал дел, каде што тие не можеа да се обезбедат, се користеа планираните вредности на буџетите на општините. Прецизни податоци за вкупните буџети не се обезбедени само за општините Желино и Арачиново, и затоа овие општини се исклучени од овој дел на анализата.**

Како што може да се види од следниот табеларен приказ, уделот на јавните набавки во буџетите на општините во 2013 година се движи од 1,8% до 77,7%. Олку големите разлики повторно упатуваат на несразмерност во општините сугерирајќи дека во оние општини каде што уделот на јавните набавки е мал, најголем дел од буџетските пари се трошат за плати за вработените и други трошоци коишто не можат директно да се поврзат со активности што водат кон подобрување на квалитетот на живот во овие локални средини. Имено, изградбата или поправката на улици, одржувањето на инфраструктурата или која било активност насочена кон подобрување на состојбите во општината ќе мораше да се отсликаат и во поголем удел на буџетските трошења на јавни набавки.

**Табела 5.** Уделот на трошоците за јавни набавки во буџетите на општините во 2013 година

| Р.бр. | општина | Вредност во денари за 2013 година | | Удел на јавните набавки во буџетот во % |
|---|---|---|---|---|
| | | јавни набавки | буџет | |
| 1 | Аеродром | 627.649.300 | 1.659.304.800 | 37,8% |
| 2 | Центар | 548.576.102 | 1.229.349.835 | 44,6% |
| 3 | Карпош | 398.230.611 | 2.004.382.000 | 19.9% |
| 4 | Кисела Вода | 305.983.186 | 1.201.152.000 | 25,5% |
| 5 | Битола | 302.769.830 | 1.501.555.481 | 20,2% |
| 6 | Гостивар | 239.728.165 | 855.179.155 | 28,0% |
| 7 | Струмица | 223.119.924 | 826.174.637 | 27,0% |
| 8 | Гази Баба | 207.997.241 | 589.447.274 | 35,3% |
| 9 | Прилеп | 184.476.671 | 990.040.466 | 18,6% |
| 10 | Штип | 161.894.648 | 629.850.090 | 25,7% |
| 11 | Охрид | 161.698.250 | 760.724.369 | 21,3% |
| 12 | Чаир | 154.664.219 | 669.055.627 | 23,1% |
| 13 | Гевгелија | 145.627.992 | 345.515.505 | 42,1% |
| 14 | Кавадарци | 139.029.945 | 627.068.000 | 22,2% |
| 15 | Бутел | 126.481.531 | 420.048.000 | 30,1% |
| 16 | Ѓорче Петров | 122.316.685 | 365.624.824 | 33,5% |
| 17 | Велес | 117.616.932 | 614.309.255 | 19,1% |
| 18 | Дебар | 113.579.212 | 213.547.625 | 53,2% |
| 19 | Пробиштип | 96.202.434 | 199.488.518 | 48,2% |
| 20 | Струга | 92.974.113 | 327.636.000 | 28,4% |

| Р.бр. | општина | Вредност во денари за 2013 година | | Удел на јавните набавки во буџетот во % |
|---|---|---|---|---|
| | | јавни набавки | буџет | |
| 21 | Кочани | 80.509.928 | 425.080.349 | 18,9% |
| 22 | Илинден | 76.415.390 | 294.885.000 | 25,9% |
| 23 | Неготино | 75.729.115 | 348.940.333 | 21,7% |
| 24 | Радовиш | 70.169.113 | 370.797.704 | 18,9% |
| 25 | Крушево | 66.287.307 | 123.676.277 | 53,6% |
| 26 | Желино | 66.098.849 | / | / |
| 27 | Чучер Сандево | 63.700.627 | 106.911.305 | 59,6% |
| 28 | Македонска Каменица | 61.746.444 | 196.073.506 | 31,5% |
| 29 | Петровец | 58.351.757 | 164.472.294 | 35,5% |
| 30 | Новаци | 54.758.773 | 188.206.338 | 29,1% |
| 31 | Крива Паланка | 49.774.219 | 397.136.303 | 12,5% |
| 32 | Кичево | 49.385.304 | 700.134.458 | 7,1% |
| 33 | Тетово | 46.850.386 | 1.644.691.568 | 2,8% |
| 34 | Куманово | 45.090.151 | 516.090.038 | 8,7% |
| 35 | Сарај | 44.678.392 | 70.000.000 | 63,8% |
| 36 | Македонски Брод | 43.368.393 | 257.172.540 | 16,9% |
| 37 | Делчево | 43.134.974 | 223.576.000 | 19,3% |
| 38 | Дебарца | 39.961.781 | 83.000.000 | 48,1% |
| 39 | Сопиште | 39.795.024 | 154.621.515 | 25,7% |
| 40 | Свети Николе | 36.848.307 | 214.401.041 | 17,2% |
| 41 | Јегуновце | 36.596.519 | 95.900.073 | 38,2% |

| Р.бр. | општина | Вредност во денари за 2013 година | | Удел на јавните набавки во буџетот во % |
|---|---|---|---|---|
| | | јавни набавки | буџет | |
| 42 | Виница | 33.001.747 | 223.858.873 | 14,7% |
| 43 | Берово | 32.506.238 | 251.752.618 | 12,9% |
| 44 | Боговиње | 31.926.936 | 56.149.832 | 56,9% |
| 45 | Валандово | 31.405.540 | 226.905.000 | 13,8% |
| 46 | Кратово | 30.869.050 | 73.600.319 | 41,9% |
| 47 | Липково | 30.799.640 | 239.786.944 | 12,8% |
| 48 | Брвеница | 29.399.602 | 37.841.398 | 77,7% |
| 49 | Теарце | 25.927.843 | 148.981.749 | 17,4% |
| 50 | Чешиново-Облешево | 22.279.186 | 71.924.279 | 31,0% |
| 51 | Маврово и Ростуша | 20.162.178 | 145.048.862 | 13,9% |
| 52 | Долнени | 19.798.031 | 149.185.586 | 13,3% |
| 53 | Могила | 18.443.518 | 75.336.665 | 24,5% |
| 54 | Ресен | 18.180.246 | 211.672.007 | 8,6% |
| 55 | Росоман | 17.996.201 | 53.855.821 | 33,4% |
| 56 | Зелениково | 17.952.719 | 42.566.550 | 42,2% |
| 57 | Арачиново | 17.392.961 | / | / |
| 58 | Босилово | 17.128.667 | 129.382.214 | 13,2% |
| 59 | Василево | 16.924.897 | 165.227.000 | 10,2% |
| 60 | Карбинци | 16.618.727 | 55.333.715 | 30,0% |
| 61 | Студеничани | 13.977.953 | 142.876.378 | 9,8% |
| 62 | Ново Село | 13.535.559 | 100.571.426 | 13,5% |
| 63 | Демир Капија | 13.268.218 | 8.2391.439 | 16,1% |

| Р.бр. | општина | Вредност во денари за 2013 година | | Удел на јавните набавки во буџетот во % |
|---|---|---|---|---|
| | | јавни набавки | буџет | |
| **64** | Вевчани | 13.053.779 | 36.564.127 | **35,7%** |
| **65** | Пехчево | 11.843.892 | 69.945.985 | **16,9%** |
| **66** | Конче | 11.200.975 | 68.289.535 | **16,4%** |
| **67** | Старо Нагоричане | 10.486.008 | 59.975.815 | **17,5%** |
| **68** | Демир Хисар | 10.445.313 | 103.819.700 | **10,1%** |
| **69** | Чашка | 10.356.069 | 94.340.445 | **11,0%** |
| **70** | Кривогаштани | 8.787.962 | 51.658.810 | **17,0%** |
| **71** | Зрновци | 7.784.067 | 25.620.975 | **30,4%** |
| **72** | Дојран | 7.651.612 | 48.829.722 | **15,7%** |
| **73** | Богданци | 6.539.115 | 98.416.458 | **6,6%** |
| **74** | Ранковце | 5.801.218 | 50.917.179 | **11,4%** |
| **75** | Градско | 5.117.033 | 44.771.365 | **11,4%** |
| **76** | Шуто Оризари | 4.692.930 | 36.004.574 | **13,0%** |
| **77** | Врапчиште | 3.485.359 | 186.693.173 | **1,9%** |
| **78** | Лозово | 1.387.551 | 44.930.348 | **3,1%** |
| **79** | Центар Жупа | 1.175.680 | 65.147.732 | **1,8%** |

Уделот на јавните набавки во буџетските расходи на општинско ниво просечно изнесува 24,5%, што значи дека е под просекот на национално ниво, којшто, во согласност со податоците на Бирото за јавни набавки, изнесува 31%. Оценката дали е ова добро или не пред сѐ зависи од намената на потрошените пари, односно колку тие биле насочени кон подобрување на квалитетот на животот.

Но, секако, потребно е да се издвои состојбата со општините каде што уделот на јавните набавки во вкупните буџетски трошоци е помал од 10%, а меѓу нив се Студеничани, Куманово, Ресен, Кичево, Богданци, Лозово, Тетово, Врапчиште и Центар Жупа. Оваа состојба секако укажува дека во посочените општини постојат проблеми кои треба да се анализираат и за чиешто надминување треба да се преземат соодветни мерки.

Од друга страна, имајќи ги предвид напорите насочени кон фискална консолидација на општините, секако дека не е за оправдување ниту состојбата во оние општини каде што уделот на трошоците за јавни набавки е голем. Нивната висина може да биде оправдана само доколку сите трошења биле насочени кон подобрување на состојбите во општината во сите сфери од живеењето.